# ЗАПИСНИК
## од 7–та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 01.03.2021 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска**: Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот Дневен ред објасни дека под Точка 4 ќе има 26 потточки кои се однесуваат на Предлози за запирање на постапки за одземање на дозволата за радио и телевизиско емитување, од кои 25 ќе бидат запрени по иста основа, а тоа е Одлуката на Владата и за еден радиодифузер ќе се запре постапката затоа што во меѓувреме го платил годишниот надоместок.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.02.2021 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.02.2021 година.
3. Предлог-одлука за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, бр.40-2664/1 од 24.02.2021 година.
4. Предлози за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување.
5. Предлог за усвојување нови обрасци во врска со обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Записникот од првото продолжение на 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.02.2021 година.

Г-дин Ајдини предложи една техничка корекција во дел од неговата дискусија која се наоѓаше на страна 4 од вкупниот материјал. Имено 10-от ред започнува со зборот „добар" но рече дека правилно треба да стои „Добро е што Агенцијата.."

Советот на Агенцијата со предложената корекција од г-дин Ајдини едногласно го усвои Записникот првото продолжение на 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 24.02.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.02.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со оваа точка објасни дека таа е заснована на Одлуката на Владата и предложена е Одлука од страна на директорот во однос на тоа како целата постапка точно да се спроведе. Објасни дека го прочитал материјалот и според него предлогот за помош на медиумите е многу добро изработен.

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената Одлука за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, бр.40-2664/1 од 24.02.2021 година. Објасни дека минатата недела Владата донесе Одлука со која што на Агенцијата ќе и префрли 50 милиони денари како надокнада за средствата што радиодифузерите требаше да ги уплатат. На оние радиодифузери што веќе уплатиле Агенцијата треба да им ги врати парите. Со оглед на фактот дека Агенцијата веќе издаде фактури на 11 јануари 2021 година, поголем дел од радиодифузерите околу 70% извршија уплата, а има исто така помал дел од радиодифузерите кои ги добиле фактурите и не уплатиле. За нив Советот покрена постапка за одземање на дозволите за телевизиско и радио емитување. Но, бидејќи фактурите се издадени, Агенцијата минатиот месец во февруари веќе изврши уплата на ДДВ во УЈП. Има уште една категорија на радиодифузери кои не спаѓаат во оваа најголема група и не им се издадени фактури на 11 јануари 2021 година бидејќи имаат добиено дозвола во друг дел од годината и на нив ќе треба дополнително да им се издадат фактури кога ќе им дојде рокот во текот на годината. Со тоа ќе треба да се операционализира Одлуката на Владата за финансиска помош на радиодифузерите. Тоа значи за радиодифузерите кои веќе извршиле уплата Агенцијата во целост, основниот долг и ДДВ ќе им го врати на овие радиодифузери. Во одлуката е ставена ставка да оние радиодифузери кои делумно платиле, имаше такви меѓутоа во меѓувреме сите целосно го уплатија долгот, меѓутоа за во иднина за оние 20 радиодифузери кои остануваат до крајот на годината и евентуално ако извршат

делумна уплата да има можност Агенцијата да им ги врати средствата. Затоа е наведено дека оние радиодифузери кои целосно или делумно уплатиле Агенцијата ќе им ги врати средствата во целост. За оние радиодифузери кои не извршиле уплата а Агенцијата издала фактура, ќе се смета дека го платиле надоместокот, фактурата ќе биде само за евиденција а Советот на Агенцијата ќе ја запре постапката за одземање на дозволата. Исто така и за оние радиодифузери кои до крајот на годината им доаѓа рокот за плаќање на фактурите, Советот нема да презема мерка одземање на дозволата по овој основ, со оглед на фактот дека Владата префрли средства на посебна наменска сметка на Агенцијата. Со оглед на фактот дека Агенцијата веќе изврши уплата на ДДВ во УЈП, средствата кои ги исплати Агенцијата кон УЈП од наменската сметка каде што се префрлени парите од Владата, таа сума на пари ќе биде префрлена на редовната сметка на Агенцијата и оние радиодифузери кои им е издадена фактура, а не платиле исто така тој износ целосно ќе биде префрлен на сметката на АВМУ. И до крајот на годината односно за оние радиодифузери кои им доаѓа рок да платат исто така таа сума на пари ќе биде префрлена од наменската на сметката на Агенцијата. Истовремено сите радиодифузери кои што досега извршиле уплата на средствата и оние кои што не извршиле уплата на средствата, а ќе бидат покриени со Одлуката на Владата со што ќе се известат дека не можат да бараат поврат на ДДВ врз основа на фактурите кои што ги издала Агенцијата бидејќи тие формално правно не ги платиле средствата бидејќи во нивно име платила Владата, и бидејќи ќе им биде вратен и ДДВ не може потоа повторно да бараат од УЈП поврат на ДДВ врз основа на исплатените фактури. Средствата кои ги префрли Владата за неколку милиони ја надминуваат сумата која што треба да биде вратена односно „простена“ на радиодифузерите и тие средства што ќе останат на крајот на годината, бидејќи Агенцијата последната фактура ја издава на 24 или 25 декември 2021 година, во понеделник 27 декември 2021 ќе се достави Извештај и до УЈП и до Владата за тоа како се искористени средствата кои се префрлени на сметката на Агенцијата и таа разлика од 2 до 3 милиони денари што ќе се јави Агенцијата ќе изврши поврат на средствата на Владата на РСМ.

Г-дин Петрушевски се заблагодари за прецизниот вовед и објаснување на г-дин Трајчевски и рече дека и во материјалите е прецизно објаснето. Се изјасни дека му се допаѓа сето тоа како е технички спроведено, нема никакви дилеми и ќе ја поддржи одлуката што треба Советот да ја донесе.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, бр.40-2664/1 од 24.02.2021 година.

Одобрените средства согласно Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година бр.40-2664/1 од 24.02.2021 година (наш.арх.бр.03-691/1 од 25.02.2021 година), се користат како финансиска поддршка на радиодифузерите заради надоместување на средствата кои што се платени, како и средствата кои не се платени по основ на надоместоци за вршење радиодифузна дејност, односно дозвола за радио или телевизиско емитување за радиодифузери кои во моментот на донесување на оваа Одлука поседуваат важечка дозвола за телевизиско или радио емитување, и кои се документирани во финансиската евиденција на АААВМУ.

Се запираат сите покренати постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата за 2021 година согласно член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Не се покренуваат нови постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување заради неплаќање на надоместокот за дозволите за 2021 година.

На радиодифузерите кои согласно издадената фактура имаат извршено целосна или делумна уплата на надоместокот за дозволата за радио или телевизиско емитување во 2021 година, АААВМУ врши поврат на платениот износ во рок од 15 дена од денот на уплатата на средствата одобрени со Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664/1 од 24 февруари 2021 година. Повратот на уплатените средства на овие радиодифузери ќе се изврши од посебната наменска сметка на АААВМУ: АВМУ-ФИН. ПОДДРШКА ЗА РАДИОДИФУЗЕРИ ОД ПАКЕТОТ 5 НА ВЛАДАТА НА РСМ бр.300000004597642 во Комерцијална Банка АД Скопје.

На радиодифузерите на кои им е издадена фактура за годишен надоместок за дозволата за радио или телевизиско емитување во 2021 година, а истиот го немаат платено, АААВМУ ги известува дека немаат обврска за плаќање, бидејќи нивната обврска во целост е исполнета од средствата уплатени со Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664/1 од 24 февруари 2021 година. Плаќањето на надоместокот за дозволата согласно издадената фактура ќе се изврши со уплата на средства од наменската сметка на АААВМУ - АВМУ-ФИН. ПОДДРШКА ЗА РАДИОДИФУЗЕРИ ОД ПАКЕТОТ 5 НА ВЛАДАТА НА РСМ бр.300000004597642 во Комерцијална Банка АД Скопје, на жиро сметката на АААВМУ бр.300000000618023, во Комерцијална Банка АД Скопје.

На радиодифузерите на кои треба да им се издаде фактура за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување во 2021 година после донесувањето на оваа одлука, АААВМУ ќе ја достави издадената фактура и ќе ги извести дека за истата немаат обврска за плаќање, бидејќи нивната обврска во целост е исполнета од средствата уплатени со Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664/1 од 24 февруари 2021 година. Плаќањето на надоместокот за дозволата согласно издадената фактура ќе се изврши со уплата на средства од наменската сметка на АААВМУ - АВМУ-ФИН. ПОДДРШКА ЗА РАДИОДИФУЗЕРИ ОД ПАКЕТОТ 5 НА ВЛАДАТА НА РСМ бр.300000004597642 во Комерцијална Банка АД Скопје, на жиро сметката на АААВМУ бр.300000000618023, во Комерцијална Банка АД Скопје.

АААВМУ ќе ги извести сите радиодифузери опфатени со оваа одлука, дека издадените фактури за годишниот надоместок за дозвола за телевизиско и радио емитување во 2021 година им служат само за нивна евиденција и за истите нема да можат да вршат поврат на данокот на додадена вредност, бидејќи се платени во целост од средствата одобрени со Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664/1 од 24 февруари 2021 година.

За искористените средства одобрени со Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664/1 од 24 февруари 2021 година, АААВМУ ќе достави извештај до Владата на РСМ во рок од 15 дена од завршувањето на активностите, во кој поединечно ќе се набројат секој од радиодифузерите со висина на надоместокот кој го должел и е покриен со средствата од точка 1 на оваа Одлука, како и бројот на фактура со кој истиот бил задолжен.

Примерок од извештајот за искористените средства АААВМУ ќе достави и до Управата за јавни приходи.

Неискористените средства од наменската сметка на АААВМУ ќе бидат вратени на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека ова е позитивно за радиодифузерите.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлозите за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ и РА емитување рече дека ќе дискутира општо за сите. Објасни дека согласно Одлуката на Владата се ослободуваат сите 25 радиодифузери и им се сопира постапката за одземање на дозволата додека за еден ќе се сопре постапката затоа што платил во меѓувреме.

Г-дин Трајчевски објасни дека за првите 25 радиодифузери од списокот на Дневниот ред издадена им е фактура и до денес немаат извршено уплата. Со оглед на фактот дека Советот веќе започна постапка за одземање на дозволата, а Владата во нивно име префрли средства на наменската сметка на Агенцијата се предлага за тие 25 радиодифузери да се запре постапката по основ на Одлуката на Владата и по основ на Одлуката што сега ја донесе Советот како претходна точка. Додека 26-от радиодифузер РА Модеа од Свети Николе, бидејќи во меѓувреме го плати надоместокот, ќе биде сопрена постапката согласно ЗААВМУ а целокупниот износ на средствата кои ги уплатил овој радиодифузер ќе му бидат во целост вратени на неговата сметка.

Г-дин Фиданоски рече дека кажано со филмски жаргон ова претставува „Happy end" за радиодифузерите. Практично се сопираат сите постапки кои се започнати, а се однесуваат за неплатен надоместок за работа односно за дозволата што е издадена од страна на Агенцијата. И како што посочил во претходната точка г-дин Трајчевски, до крајот на оваа година регулаторот нема да покрене ниту една постапка за евентуално доцнење во исплатата за надоместокот. Сега радиодифузерите се ослободени од овој товар кој не е само финансиски, веројатно поврзан со финансискиот но во голема мера влијае и психолошки како да се обезбедат тие средства во ова време, во оваа економска криза поврзана со пандемијата. Наведе дека истовремено се ослободува и Стручната служба во подготовки на обемни материјали кои значат почеток на постапки, затворање на постапки а се однесуваат за неплатен надоместок што значи дека службата ќе има можност да биде фокусирана на другите обврски што ги има, за што нема дилеми и претпоставува дека сите се согласуваат дека до сега ги извршува беспрекорно.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на

дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, бр.08-8 од 05.01.2015 година со Предлог Уп1 бр.08-83 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-95 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, бр.08-15 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-96 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-16 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-87 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-98 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ

за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, бр.08-19 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-99 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, бр.08-35 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-100 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, бр.08-41 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-101 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, бр.08-43 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-102 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ – ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-44 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-103 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, бр.08-46 од 05.01.2015 година,со Предлог Уп1 бр.08-104 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес, бр.08-49 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-105 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-106 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, бр.08-51 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-107 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, бр.08-58 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-109 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, бр.08-61 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-110 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-86 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, бр.08-67 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-87 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, бр.08-69 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-84 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на

дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-75 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-85 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-81 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-94 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРДД Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-93 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар, бр.08-94 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-91 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, бр.08-102 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-90 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а имајќи ја предвид Одлуката на Владата на РСМ бр.40-2664 од 24.02.2021 (наш арх. бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, бр.08-105 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-89 од 19.02.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со запирањето на горенаведените постапки ги замоли службите да ги информираат медиумите.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, бр.08-121 од 05.01.2015 година.

Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, на 24.02.2021 година изврши уплата во износ од 8.882,00 (осум илјади осумстотини осумдесет и два) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за усвојување нови обрасци во врска со обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми. Објасни дека Законот за медиуми пропишува обврска на радиодифузерите најдоцна до 31 март во тековната година да ја известат Агенцијата за исполнување на условите за дозволата од претходната година особено за исполнувањето на програмскиот концепт. Во Законот е пропишано дека Советот на Агенцијата го усвојува образецот на овој Извештај што треба да го достават радиодифузерите. Постојните обрасци и за извештајот за радио и за телевизија се донесени веднаш по усвојувањето на Законот за медиуми и од тогаш не се менувани. Од тогаш до сега имаше неколку измени во ЗААВМУ кои имаат влијание на обрасците. Наведе дека до сега секторот има искуство од начинот на имплементација на оваа законска обврска на радиодифузерите, а во меѓувреме беше донесено и Упатство за мониторинг на спроведувањето на програмскиот концепт. Оттаму се предлага Советот да ги усвои новите обрасци а со тоа на постојните да им престане важноста. Посочи дека нема големи суштински промени во обрасците. Некои од прашањата се поедноставени и се усогласени врз основа на законските измени. Меѓутоа голем дел од обврските за кои што се сметаше дека се непотребни и за кои ги има податоците се тргнати. На пример прашањето на кое ниво емитувате програма, или наведете ги сите фреквенции, тие прашања се непотребни затоа што нивоата на емитување како и фреквенциите на кои што се емитуваат програмите на радијата се утврдени во нивните дозволи и нема потреба радиодифузерите секоја година да ги испраќаат одново во извештаите. Потоа прашањата поврзани со европски аудиовизуелни дела бидејќи оваа обврска се однесува само за радиодифузерите на национално ниво. Има одамна посебни обрасци само за овие законски обврски и нема потреба ова да стои во

образецот кој се однесува на сите радиодифузери. Објасни дека суштински промени нема и нужно е направено усогласување поради законските измени и се исфрлени некои непотребни работи за кои веќе има податоци и не се променливи и не мора радиодифузерите да ги доставуваат од ново секоја година.

Советот на Агенцијата, со цел усогласување на обрасците со законските измени и другите акти на Агенцијата и нивно унапредување врз основа на досегашното искуство, едногласно усвои нови обрасци за извештаите на радиодифузерите за спроведување на обврските утврдени во дозволите за радио и телевизиско емитување (Образец ИД/РА и Образец ИД/ТВ), и со нивното усвојување се утврди престанок на важноста на постојните обрасци.

Горенаведените обрасци да се објават на веб страницата на Агенцијата и да се испратат по електронска пошта до сите радиодифузери.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-708/30**
**17-03 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**